**З А П И С Н И К**
**од Дваесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 4.8.2017 година**

**Скопје, август 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 4.8.2017 година**

Седницата започна во 19:25 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Тараври, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Оливера Нечовска и Снежана Нацаковска од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваше и д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, претставник од ЈП Македонски железници „Инфраструктура“ и претставник од АД Македонски железници „Транспорт“.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Извештај за работењето на ЈП Македонски железници „Инфраструктура“ за период од 1.1.2017 година до 31.3.2017 година

2. Тромесечен извештај за работењето на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, за период 1.10-31.12.2016 година, со дополнителното образложение

3. Информација за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за мај 2017 година, со Дополнувањето кон неа и Табеларен приказ

4. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јуни 2017 година

5. Барање за донесување одлука за доделување финансиска помош на МЖ Транспорт А.Д. - Скопје за подобрување на финансиската состојба

6. Информација за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“, „50% попуст за ученици и студенти“, „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“, „Средношколска среда“ и „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“ за април 2017 година

7. Информација за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“, „50% попуст за ученици и студенти“, „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“, „Средношколска среда“ и „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“, за мај 2017 година

8. Информација за вкупниот одземен конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот (за април 2017 година)

**б) економски систем и тековна економска политика**

**в) политички систем**

9. Извештај за завршени преговори за потпишување на Протокол меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за начинот на изработката на

урбанистичко-планска и соодветна техничка документација, поделба на режиските трошоци и трошоците за одржување на заедничкиот објект, како и за начинот на вршењето на граничната контрола на Заедничкиот граничен премин меѓу Република Македонија и Република Косово наменет за меѓународен патен сообраќај „Белановце-Станчиќ“, со усогласен текст на Протоколот на македонски и англиски јазик

10. Предлог - закон за употреба на јазиците

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

**б) политички систем**

11. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Врховен суд на Република Македонија

12. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Апелационен суд Гостивар

13. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основен суд Скопје II – Скопје

14. Барање на Салем Аведат Салем за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

15. Барање на Хассан Аведат Салем Аведат за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

16. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Здружението – Национален комитет на Меѓународниот совет за споменици и локалитети – Икомос во Македонија - Скопје

17. Предлог-одлука за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

**д) други предлози**

18. Кадровски прашања

19. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

20. Информација со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи, на Универзитетот „Св. Кирил и методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2017/2018 година

21. Предлог – решение за именување членови, заменици-членови и секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Предлог – одлука за именување на Национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и негови заменици

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на ЈП Македонски Железници Инфраструктура за период од 1.1.2017 година до 31.3.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 2**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, за период 1.10. - 31.12.2016 година, со дополнителното образложение, како материјал за информирање.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за мај 2017 година, со Дополнувањето кон неа и Табеларен приказ, како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јуни 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 5**

Владата по Барањето за донесување одлука за доделување финансиска помош на МЖ Транспорт А.Д. - Скопје за подобрување на финансиската состојба заклучи, МЖ Транспорт А.Д. - Скопје да одржи координативен состанок со Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии по донесувањето на Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2017 година и до Владата да достави конкретен предлог во врска со ова прашање.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај", „50% попуст за ученици и студенти", „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај", „Средношколска среда" и „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај" за април 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај", „50% попуст за ученици и студенти", „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај", „Средношколска среда" и „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај", за мај 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот одземен конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот (за април 2017 година), како материјал за информирање.

**Точка 9**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за потпишување на Протокол меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за начинот на изработката на урбанистичко-планска и соодветна техничка документација, поделба на режиските трошоци и трошоците за одржување на заедничкиот објект, како и за начинот на вршењето на граничната контрола на Заедничкиот граничен премин меѓу Република Македонија и Република Косово наменет за меѓународен патен сообраќај „Белановце-Станчиќ", со усогласен текст на Протоколот на македонски и англиски јазик и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за начинот на изработката на урбанистичко-планска и соодветна техничка документација, поделба на режиските трошоци и трошоците за одржување на

заедничкиот објект, како и за начинот на вршењето на граничната контрола на Заедничкиот граничен премин меѓу Република Македонија и Република Косово наменет за меѓународен патен сообраќај „Белановце-Станчиќ“.

2. Се определува м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Македонија, да го потпише усогласениот Протокол меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за начинот на изработката на урбанистичко-планска и соодветна техничка документација, поделба на режиските трошоци и трошоците за одржување на заедничкиот објект, како и за начинот на вршењето на граничната контрола на Заедничкиот граничен премин меѓу Република Македонија и Република Косово наменет за меѓународен патен сообраќај „Белановце-Станчиќ“.

## Точка 10

Владата го разгледа новиот текст на Предлог - законот за употреба на јазиците, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

Овој закон произлегува од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за правда преку Министерството за надворешни работи да побара мислење од Венецијанската комисија за текстот на законот и отворените прашања кои не се дел од овој закон, по усвојувањето на законот од страна на Собранието на Република Македонија.

## Точка 11

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Врховниот суд на Република Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за правда да се усогласи со Министерството за финансии – Управата за имотно-правни работи по дополнетиот материјал и најновиот текст на Предлог - одлуката.

## Точка 12

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Апелационен суд Гостивар, за наредната седница на Владата, поради потребата новиот текст на материјалот Министерството за правда да го усогласи со Министерството за финансии – Управа за имотно-правни.

## Точка 13

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основниот суд Скопје II - Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за правда да се усогласи со Министерството за финансии – Управата за имотно-правни работи по дополнетиот материјал и најновиот текст на Предлог - одлуката.

## Точка 14

Владата на предлог на Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи го симна од Дневен ред Барањето на Салем Аведат Салем за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија.

**Точка 15**

Владата на предлог на Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи го симна од Дневен ред Барањето на Хассан Аведат Салем Аведат за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија.

**Точка 16**

Владата го одложи разгледувањето на новиот текст на Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за култура да се усогласи со Министерството за финансии – Управата за имотно-правни работи по дополнетиот материјал и најновиот текст на Предлог - одлуката.

**Точка 17**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за правда да се усогласи со Министерството за финансии – Управата за имотно-правни работи по дополнетиот материјал и најновиот текст на Предлог - одлуката.

**Точка 18**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 19**

**1.** По повод укажувањето на м-р Радмила Шекеринска - Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана, во врска со зголемената појава на пожари на дел од територијата на Република Македонија, Владата заклучи Групата за процена да ја разгледа актуелната состојба со пожарите на територијата на Република Македонија и доколку оцени за потребно да достави конкретни предлози во врска со ова прашање.
**2.** По повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, а во врска со понудите од странските амбасади во Република Македонија за испраќање на луѓе на обуки во нивните земји (со покриени трошоци), Владата го задолжи д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања барањата за учество на обуките (номинациите), да ги достави до сите министерства и други засегнати институции, со цел да номинираат лица од своите редови, а доколку не се пополни потребниот број на кандидати, тогаш Секретаријатот за европски прашања барањата за учество на обуките (номинациите), да ги достави до стопанските комори во Република Македонија.

**3.** По повод доставениот допис од Управата за јавни приходи, во врска со предавање на веќе продадени движни ствари (машини за производство за цигари, одземени со правосилна судска пресуда во кривична постапка), преку извршена продажба од страна на Агенцијата за управување со одземен имот, Владата заклучи Управата за јавни приходи физички да ги предаде

движните ствари – машини за производство на цигари, на Агенцијата за управување со одземен имот, продадени врз основа на Решение за извршена продажба бр.09-21/16 од 23.6.2017 година.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи, на Универзитетот „Св. Кирил и методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2017/2018 година, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година -прв циклус на студии на јавните високообразовни установи, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2017/2018 година, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го донесе Решението за именување членови, заменици-членови и секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, со заклучок во точка еден, подточка в) на местото секретар на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам да се именува Јовче Ременски од Министерството за внатрешни работи.

Истовремено, Владата на предлог на Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи заклучи:

- Го именува Борче Петревски од Министерството за внатрешни работи за Национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам.

- Го именува Златко Апостолоски од Министерството за внатрешни работи за заменик Национален координатор за борба против тероризам.

- Го именува Џеладин Тефик Ајвази од Министерството за образование и наука за заменик Национален координатор за спречување на насилен екстремизам.

Согласно ова да се подготви соодветен акт кој да се смета за донесен на оваа седница на Владата.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 20:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Радмила Шекеринска-Јанковска**